13863

# pres-kliping • press-clipping


NOVINSKA DOKUMENTACIJA
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 608-1-1572-1

Isečak iz lista НОВА МАКЕДОНИЈА
Newspaper cutting

21. X. 1970


# ЗОШТО НЕ РЕТРОСПЕКТИВНА ИЗЛОЖБА



*Всушност, прашање е кој и во чие име може да одлучи дали една изложба ќе биде ретроспективна или не. А луѓето, што седат во одборите на фондовите за финансирање на културните дејности одлучија: изложбата на Никола Мартиноски, што го одбележува неговиот јубилеј — 40 години од првата самостојна изложба во Скопје, да не биде ретроспективна. Така, јубилејот на уметникот, што е и наш јубилеј, единствен во ликовната област, кој одбележува создавање во нашата средина во тек на 40 години, остана да биде одбележен со изложба на која се прикажани само најновите работи на уметникот, оние што настанале по минатогодишната изложба и главно годинава, пред отворањето на изложбата. А Никола Мартиноски има право на овој јубилеј. За жал, организаторите — Уметничката галерија и Музејот за современа уметност не успеаја да бидат прифатени од фондовите со програмата што ја предлагаа за ретроспективната изложба.*

*Нема сомневање дека празникот на Никола Мартиноски е празник на нашето современо сликарство и нема сомневање дека повеќе од потребна беше една ваква изложба.*

Ѕ. Стирјоски